Број на Службен весник:194/2024
Датум на објава на Службен весник:19.09.2024
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

Член 1

Во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16, 11/18 и 202/18), насловот на законот се менува и гласи:

„Закон за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 2

Во член 1 ставот (1) се менува и гласи:

„Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна за одлучување по жалби против акти донесени во управна постапка во прв степен и во постапка по инспекциски надзор од страна на јавните органи утврдени со Законот за општата управна постапка.“.

Во ставот (2) зборовите: „за решавање“, се заменуваат со зборовите: „да одлучува“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Во постапката за одлучување по жалби Државната комисија ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка и Законот за инспекциски надзор доколку со овој или со друг закон поинаку не е уредено.“. Ставот (5) се менува и гласи:

„Надлежноста на Државната комисија да одлучува по жалби против акти донесени во управна постапка во прв степен од страна на јавните органи се утврдува со посебните закони.“.

Член 3

Во член 2 во ставот (2) во втората реченица зборот „ќе“ се брише.

Член 4

Во член 3 ставот (1) се менува и гласи:

„Државната комисија е составена од претседател и 12 члена, кои функцијата ја извршуваат професионално.“. Ставот (5) се менува и гласи:

„За претседател на Државната комисија се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование од областа на правото;

4) има положен правосуден испит;

5) има минимум 10 години работно искуство на правни работи;

6) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

Ставот (6) се менува и гласи:

„За член на Државната комисија се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правото; 4) има положен правосуден испит;

5) има минимум осум години работно искуство на правни работи;

6) активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).“

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Претседателот и членовите на Државната комисија не можат на бидат членови на орган на политичка партија.“.

Член 5

Во член 4 став (1) во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со запирка.

По алинејата 5 се додава нова алинеја, која гласи:

„- е член на орган на политичка партија или“. Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (2) и (3).

Член 6

Во член 6 став (3) во алинејата 2 зборот „прифатени“ се заменува со зборот „усвоени“.

По алинејата 3 се додава нова алинеја, која гласи:

„- број на поништени одлуки на Државната комисија со правосилни судски пресуди во управен спор,“.

Член 7

Во член 8 ставот (4) се менува и гласи:

„Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку девет членови.”.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Кога Државната комисија постапува по изјавена жалба против акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно одлучување, постапувајќи по жалбата, Државната комисија сама ќе го реши предметот.”.

Член 8

Во член 9 во ставот 1 зборот „решавање“ се заменува со зборот „одлучување“.

Член 9

Членот 10 се менува и гласи:

„Решенијата на Државната комисија се конечни и против нив странката може да поднесе тужба и да поведе управен спор или спор пред надлежниот суд.“.

Член 10

Членот 10-а се брише.

Член 11

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 12

(1) Започнатите постапки пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

(2) Започнатите постапки пред Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во втор степен од областа на инспекцискиот надзор до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 13

(1) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за именување претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен согласно со овој закон најдоцна во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Огласот од ставот (1) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, а рокот за пријавување е осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Член 14

До именувањето на претседателот и на членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен со денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да работи како Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен, согласно со надлежностите утврдени со овој закон.

Член 15

Со именувањето на претседателот и на членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен согласно со одредбите од овој закон, им престанува мандатот на претседателот и на членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кои се именувани согласно со Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16, 11/18 и 202/18).

Член 16

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.